Никола ПЕТРОВ

# ПЕРМАНЕНТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ПРАГОТ НА 21 ВЕК

Во современи услови на општествено-демократско, плуралните, културните,научните, техничко-технолошките и образовните движења и промени, сѐ повеќе ја нагласуваат и зголемуваат потребата од културно-цивилизациските и образовните потреби на сите субјекти-на: децата, учениците, младите и возрасните, образованието претставува основа и движечка сила за квалитетното живеење и работење на сите субјекти, за активно творечко и мобилно изразување, задоволување на разновидните образовни и култутрни потреби во потесна и поширока средина на делување и соработување.

Од друга страна, наоѓајки се на прагот на 21 век, во услови на информатичкото доба, на апликација и примена на третиоит научно-технички, технолошки, иновационен талас, во кој кибернетиката ги преферира современите иновационо-трансформациони трендови, образованието претставува движечка сила во раздвижување на научно-техничките и технолошки процеси и промени во општеството, стопанството, производството, а посебно во сферата на воспитанието и образованието на сите новои и видови, односно степени на едуцирање.

Во таа насока, треба да напомнеме дека, во сегашни услови, на современо живеење и дејствување, се повеќе се јавува експанзијата и експлозијата на знаењата, а и потребата од перманентно учење, во институционалните и вонинституционални рамки и услови кое само по себе условува образованието да се сфати како постојан процес, односно го актуелизира перманентното образование-перманентното учење, кое преставува водител и услов за мобилно, развојно, функционално, демократско, комплексно образование на сите за се, за активно и творечко живеење, за развивање на здравствено-физичките можности и услови, интелектуалните способности, социјално-емоцијалните, работно-техничките, волјевите, за активна комуникација, творештво и секојдневно опстојување.

Во таа смисла современите тенденции во воспитанието и образованието, од едукативниот систем, на високо развиените земји, како

и за воспитно-образовните системи во тие земји, имаат своевидно влијание на трансферот на знаењата, на развојните процеси на едукативниот систем и во нашата република.

Тоа посебно го насочуваат некои интернационални асоцијации, како што се: УНЕСКО, БИЕ ЦЕРИ, ОЕЦД,УНИЦЕФ, и други асоцијации и институции од сферата на образованието, што вршат одредено влијание, со други зборови го условуваат начинот и потребата за користење на образовните услуги, и сообразување со современите трендови, односно трансформирање и иновирање на нашиот образовен систем и согласно тенденциите фаќање чекор со современите предизвици и барања на перманентното образование.

Врз база на изнесеното, може да се каже дека одделните степени на образованието, а посебно средното и високото, треба да се поврзуваат со современите трендови, барања, потребите и праксата. Тоа значи дека, институциите што ја вршат таа дејност, стануваат носители, мобилизатори, на образованието задоволување на перманентното учење како секојдневна потреба.

Функцијата на воспитно-образовните потреби и институции е да воспостави подобра врска со секојдневните општествени промени и актуелни потреби. Со други зборови кажано, воспитно-образовните, високошколските институции треба да ги одржуваат и анимираат социјалните фактори на средината каде што делуваат, од причини што промените во секојдневното делување се брзи, динамични, актуелни, современи, практични, и така брзо да се сообразуваат и делуваат во новонастанатите услови и промени.

Во ваквото динамично живеење и работење, перманентното образование треба да има мобилизаторска и водечка улога и функција во новонастанатите услови, промени и начин на живеење. Спрема тоа, перманентното образование треба да се сфати и како потреба на секојдневието, за да може човекот да постои и живее, да активира, мобилизира, доживува и да твори.

Во врска со тоа, перманентното образование „во најтесна смисла е поврзано со постанувањето и развојот на научно-техничката револуција и тоа постанува општествен императив на современиот општествено-економски развој. Тоа произлегува од потребите за стекнуваење на перманентни знаења, за совладување на законите, законитостите што го карактеризираат времето на современата научно-техничка револуција. Поимот на перманентното образование е повеќе димензионален и како концепција опфаќа цел склоп на цели и начела кои не упатуваат на меѓусебната поврзаност на развитокот на науката, образованието и работата. Образование што се темели на најновите научни и технички достигања и што не се користи за унапре-

дување на технологијата на работата и развојот на личноста, нема изгледи за успех во современото општество“.[1]

Размислувањата на д-р Драгомир Филиповиќ укажуваат на тесната поврзаност помеѓу техничко-технолошкиот прогрес, научните изуми и секојдневната примена и употреба на образованието во секојдневната комуникација, живеење, работење и учење во сите средини по принципот на дисеминација на знаењата во сите пори на живеењето: во сферата на трудот, производстовто,стопанството и нестопанските дејности, во семејството и домаќинството, за задоволување на хоби-интересирањата и рекреацијата и.т.н.

Во актуелизирањето, проблематизирањето и поставувањето на овие процеси и односи, на предизвиците на времето во кое што живееме, Република Македонија како суверена, самостојна,правна, демократска земја, почитувајќи ги меѓународните декларации, конвенции, повелби и други меѓународни институции, Уставните начела, законските определби и регулативи во рамките на едукацијата, на сите воспитно-образовни степени, почнувајки од предучилишното и основното образование, па се до образованието на универзитетско ниво, перманентното образование има пресудна улога во трансформирањето и иновирањето на образованието на прагот на 21 век.

Изнесените сознанија потврдуваат дека образованието, перманентното образование, односно доживотното учење, во сегашни услови и прилики престанува да биде третирано како потрошувачка, туку таа станува интегрална составка на секојдневните животни, образовни и културни потреби на индивидуите. Или, како што некои велат, дека образованието е во жижата на актуелноста и база за виталните општествени севкупни промени, потреби и барања на општественото комуницирање и воопшто човековото делување и творење.

Од согледувањата и анализите на сегашната поставеност на воспитно-образовниот систем, односно подсистемите на образованието, или степените на образованието, произлегува дека новиот приод кон редефинирањето на целта и задачите на воспитанието треба да се ослободат од политиката, идеологијата, и истите да одговаараат на предизвиците на времето на барањата на индивидуата со цел да твори и да создава. Односно, индивидуата да се ослободи од колективитетот, да делува на колективот и да ги изразува своите способности за творештво и креација.

Затоа може да се каже дека целта и задачите на воспитанието треба да бидат изведени на научни основи, односно да се редефинира

---

1. Др Ходимир Сиротковиќ, Универзитет и перманентно образовање, „Андрагогија“, бр.11, 1973,стр.43.

целта врз телеолошките и деонтолошките основи на образованието, како што тоа го нагласува д-р Франц Педичек[2].

Поконкретно речено, операционализацијата на целта на образованието може да биде зависна од степенот на образованието, возраста, половата структура, социјалното и националното потекло, развојот на воспитанието и образованието, како и од специфичностите, од повеќедимензионалностите, и другите компоненти.

Исто така во одредувањето на целта и задачите на образованието се земаат предвид стручните сознанија, научните, како и незапоставувајќи ја демократско-плуралната компонента, современите светски едукативни димензии и релации, и вклученоста на нашиот образовен систем во рамките на развиените европски и светски образовни системи.

Изнесените сознанија говорат дека образованието не се актуелизира заради императивот на времето, науката, техниката и техноилогијата, туку и потребата на општествените односи, промени на живеење, како и природата на човекот, оти животот на индивидуата го чинат многу компоненти, специфичности, способности и активности.

Во смисла на напред кажаното, треба да се каже дека воспитанието и образованието, како поими и процеси истовремено се феномени низ кои се облагородува, оспособува личноста и се збогатува, за успешно живеење и творечко-креативно однесување и делување.

Од тие причини секое современо општество во демократско-плуралното однесување е заинтересирано за образование на младите генерации за сите степени и подсистеми на едукациското делување и при сето тоа, го негуваат националниот и културниот идентитет, не запоставувајки ги научните и културните и техничко-технолошките придобивки на времето.

Имајки ги предвид горе изнесените сознанија, како и развојните процеси во сите сфери на човечкоте делување, а посебно во образовната сфера, може да се каже дека имаат свои влијанија и на образовниот систем во целина, за што треба да се имаат во предвид карактеристиките, специфичностите, барањата, сложеноста на процесите, определбите, рационалноста, економичноста, практичноста и слично:

- општествено демократските процеси, движења и промени бараат демократизација на процесот на воспитанието и образованието;

- преструктуирање на стопанството, претпријатијата според техничко-технолошките промени, барања, состојби настави;

2. Д-р Франц Педичек, *Педагогијата денес*, Љубљана, 1993 (на словенечки јазик-на латиница).

- развивање на секундарните и терцијалните дејности што барат образованието да ги следи тие процеси и тие да се во функција на перманентното образование, и учење за денес, односно за 21 век;

- зголемување бројот на сложените работни места, кои барат нови знаења, за образување на одредена работа, соодветна доквалификација, преквалификација, во рамките на струката за еластичност и премин од едно занимање во друго;

- движењата и промените барат доживотно образование и учење за активно и творечко комуницирање во сите средини и степени на образованието и на едукативната дејност во нејзината комплексност;

- брзиот развој на сознанијата во педагошката научна мисла и пракса, техниката и технологијата, ја наметнуваат потребата од подигање на нивото, степенот и квалитетот на образованието каде ќе дојдат до израз индивидуалноста, способноста, мотивацијата и селективноста;

- вклучување и активна партиципација во поделбата меѓународната поделба на трудот, што укажува на ефикасност, функционалност, адаптивност и апликативност на образованието за следење на развојните процеси, а со тоа да има динамичност и ефикасност;

- системот на образованието и воспитанието да е адаптивен и да одговара на временските потреби во кое живееење, за успешно комуницирање во сите сфери на човековото битие и творештво.

Од напред наведените специфичности што ги иницира образованието, односно перманентното образование, треба да ги имаме во предвид развојот на инфраструктурата, на системот на образованието, во целина, научно-истражувачките институции што ќе ги следат и истражуваат образовните и едукативни потреби на учениците, студентите, возрасните и на сите учесници, и во таа рамка ќе бидат движечка сила на целиоит развој, посебно на развојот на образованието во современите услови што често се проблематизира и актуелизира. Во проблематизирањето на перманентното образование ќе се задржиме на подсистемот на високот образование.

Перманентното образование на универзитетот не ги опфаќа редовните постдипломски студии, туку тоа се однесува на дипломираните универзитетски кадри и вработени во стопанството и нестопанството. Дипломираните кадри повремено треба да се враќаат на матичниот, дотичниот факултет со цел да се запознаваат со најновите достигања во струката и занимањето што го обавувlivaaт. Во таа смисла потребна е и циркулација на кадрите од стопанството во образованието и обратно.

Покрај тоа перманентното образование бара и и перманентно иновирање на наставните планови и програми, со цел да профилира

вистински потребни кадри што ќе одговорат на потребите, времето и кои ќе знаат и умеат како тоа да го применат во практиката на секојдневното работење во праксата. Од тие причини на високообразовните институции, посебно на наставничките факултети потребно е сообразување на плановите и програмите согласно профилот кои го продуцираат да бидат адекватни и наменски.

Затоа треба да има повеќе модели на планови и програми. Поконкретно треба низ заедничките, изборните, факултативните програми, низ задолжителните предмети, како и другите модели кандидатите да се определуваат за програми кои ќе ги усвојуваат, односно што се тесно сврзани со секојдневните и конкретно извршување на задачите што ги обавуваат во воспитно-образовната и поширокиата практика.

Споменатото потврдува дека треба поврзување на теоријата и практиката. Учениците треба да кажат кои и какви знаења ни се потребни за практична апликација. Тоа бара поврзување помеѓу наставно-научните институции и образовните институции-практичарите, менторите, методичарите, педагошко-психолошките служби, заводите, центрите и другите, што претставуваат субјекти и сегменти во реализацијата, конкретизацијата и апликацијата на образованието во практиката и во животот воопшто[3].

Во смисла на брзиот општествен, демократско-плурален, економски и научно-технолошки развој, барањата на перманентното образование се предизвик на наставниците кои на сите степени и струки изведуваат воспитна-образовна дејност.

Поконкретно речено тие треба постојано да се дообразуваат, да ги надополнуваат и усовршуваат, како и да ги осовременуваат знаењата, што ги диктира новиот технички и современ развиток. Во таа смисла наставниците треба да го следат стручниот печат и периодиката, да ги следат најновите научно-стручни сознанија што се применуваат во секојдневната воспитна практика во домашни и меѓународни релации, ако сакаме да ги следиме современите воспитно-образовни трендови и развојни карактеристики на развиените воспитно-образовни системи.

Тоа потврдува дека денес се менува улогата и функцијата на наставникот во образовниот процес. Наставникот не се третира само како наставник за пренесување на знаења, туку наставникот има нова улога со примена на нови форми, методи, средства, иновации и техника, на учење и образование, учениците не ги третира како објекти, туку како рамноправни соработници и учесници во образовниот процес. Кај нив доаѓа до израз способноста, афинитетот, интересот, склоноста и воопшто креативно-творечкото мислење и учење.

3. *Перспективе образовања 1*, Завод за уџбенике и наставна средства, 1982, 11.

Изнесеното укажува на потребата дека перманентното образование треба да има ефикасност. Ефикасноста зависи од повеќе фактори, чинители и форми на организирање.

Како и поголем број на партиципиенти што ќе земат учество низ разните форми на образование, специфични по содржина, програмата, времетраењето, организацијата, како што се: предавањата, семинарите, стажирањето, тематските расправи и други форми на организирање и конкретизирање.

Во таа смисла при воспитно-образовните, стручно-научните институции треба да постојат центри за перманентно образование во кои ќе учествуваат наставниците од соодветните наставнички институции, наставниците по методика, како и од наставниците по практика. Дел од практичарите треба да се во редовен работен однос во тие центри, и во нив да има вработени млади стручни кадри од повеќе профили, што ќе истражуваат, проучуваат, вреднуваат и валоризираат одредени програми.

Поаѓајќи од изнесеното, перманентното образование подразбира и непрекинато актуелизирање на содржините кои се однесуваат на профилот на кадарот, и кои се во согласност со развојот на науката, техниката, технологијата засновани на научните сознанија, потребно е постојано непрекинато стекнување усовршување, иновирање, што говори за постојаната перманентната коректура на програмите, содржините и активностите.

Изнесеното треба да биде постојана задача на наставно-научните институции и вработените, на стручњаците практичарите од разните струки и профили, како и на педагошко-андрагошките работници.[4]

ЛИТЕРАТУРА:

1. Д-р Боривој Самоловчев, Основи на андрагогијата, Универзитет „Кирил и Методиј“-Скопје,1983.

2. Д-р Богдан Суходолски, Перманентно образовање и стваралаштво, „Школске новине“, 1989, Загреб

3. Д-р Драгомир Филиповић, Перманентно образовање, глобална стратегија и модел, ПФВ,Бгд., 1981.

4. Проекција за развојот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија, „Просветно дело“, Скопје,1992.

5. Д-р Никола Петров, Елаборат за едукација на воспитувачките и наставничките кадри, Универзитет „Кирил и Методиј“-Скопје, 1994.

6. Д-р Душан Савићевић, Доживотно образовање, Титоград, 1995.

7. Д-р Никола Петров, Современото училиште и неговите предизвици, „Просветно дело“, Скопје, 1995.

4. Види кај д-р Недељко Транавац, Образовање и људски фактор у садашњим и будућим променама, Сава центар, Бгд., 1995.

8. Д-р Никола Петров, Современи тенденции во воспитанието и образованието врз поставувањето на нова платформа, „Просветно дело“, Скопје, 1993.
9. Никола Петров, Општествено-демократските промени и нивното влијание во сферата на воспитанието и образованието, „Просветно дело“, Скопје, 1992.
10. Д-р Владимир Стругар, Бити учитељ, ХПКЗ, Загреб, 1993.
11. Д-р Франц Педичек, Педагогија денес, Љубљана, 1995.
12. Стварање увјета за квалитетне школе, „Алинеа“, Загреб, 1996.
13. Д-р Ходимир Сиротковић, Универзитет и перманентно образовање, „Андрагогија“, Загреб, 1973.

Nikola PETROV

## PERMANENT EDUCATION ON THE THRESHOLD OF THE 21st CENTERY

(Summary)

This is a brief summary of the content presented covering some essential and fundamental issues in education. It comprises crucial educational processes with us and widely spread as a result of the increased needs of continual and permanent education and learning of the threshold of the 21st century.

Considering the technological achievements in the computer age humanity is advancing forward, we are doing our best in catching up with the developed and highly developed European and World famous educational systems. Hence, this presentation encompasses the contemporary European and World famous educational trends with an emphasis on our own developemental educational possibilities.

In addition,this is also a presentation of the impact of computer science, electronics and automation on all sciences and, especially on the domain of upbringing and education at all levels e.g.: pre-school education, elementary and high school education higher and university education as well as adult education. Consequently, achievements in all spheres including education are aimed at introducing innovations in the educational processes, the curriculum and modules thus enabling major endeavours in strengthening all the significant, current and essential issues with reference to the contemporary communications processes in education in general.